

# ИГОР ВАСИЛЕВ

# IGOR VASILEV

## МАЈСКИ ИЗЛОЖБИ НА МЛАДИ '93

## MAY EXHIBITIONS OF YOUNG ARTISTS '93

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ
11-25 МАЈ 1993
СКОПЈЕ

ART GALLERY SKOPJE
DAUT PASHIN AMAM
MAY 11 – 25 1993
SKOPJE



## ИГОР ВАСИЛЕВ

**Роден е на 12.03.1967 во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1992 година.**
**Живее и работи во Скопје ул. Партизански Одреди 101 III/14 тел: 251–160**

## IGOR VASILEV

**Born of March 12, 1967 in Skopje. Graduated at the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1992.**
**Lives and works in Skopje.**
**Adress: Boul. Partizanski Odredi 101 III/14 tel: 251–160**

Самостојни изложби:
One – man exhibitions:

1992 – Скопје, „Единаести прст“ – (фото изложба), кафуле Joy
1992 – Skopje, The Eleventh finger, (photo exhibition), caffe Joy

Групни изложби:
Group exhibitions:

1989/90 – Скопје, „Современо младо сликарство“, Музеј на Македонија

1989/90 – Skopje, Contemporary Young Art, Museum of Macedonia

1991/92 – Скопје, „Дипломирани студенти на ФЛУ“, Дом на АРМ

1991/92 – Skopje, Graduated students at the Faculty of Fine Arts, Center of Macedonian Army

1992 – Скопје, „Фото медија“ – (интернационална фото изложба), Уметничка галерија

1992 – Skopje, Photo media (international photo media), Art Gallery

Во сликите на Игор Василев или во изборот на својата прва самостојна изложба, видлив е немирот да се наслика експресијата и од периферното тој сериозно се задлабочува во суштината на сликата – во идејата и во занаетот. Од тие настојувања се издвојува интерсот за колажирење на секојдневието во сликата, љубовта кон симболот и формирање на апстрактно-пејзажни претстави.

Во сликите со колажирани детали (фотографии, исечоци од весник, сметки за платена роба) го внесува секојдневниот живот во сликата, за да преку парчиња време, простор и лица изгради приказ како личен однос кон нештата што ги живееме. Во тие слики, сликата е рамка која се полни со мноштво ликовни белешки – цртички, линии кои дообјаснуваат одредена форма, флеки, знаци... кои говорат за потребата да се воспостави игра со различни содржини при градењето на слика на квантитет.

Во „првите" слики на Игор (во оваа прилика во мал број) тој го избира проблемот на „квантитет" кој може да се каже дека е присутен и во сликите што следат потоа но со нагласка на симболиката на претставеното. Станува збор за знаковност која е субјективна и извлечена од она што е доживеано, прочитано или пак отсонувано.

Слободата во интерпретирање на значењата ми отвара низ на асоцијации кои малку објаснуваат но затоа не внесуваат во играта на помалку објасниво. Употребата на земја и песок, која се јавува како текстура мислена ликовно, можеме да ја мислиме и како присуство на време, во наслојувањето или како убавина на старото или можеби тајната на закопаното.

Минатата година (година за подготовка на дипломските работи) Игор реализира слики во кои интересот се свртува кон апстрактната просторност – кон слики-простори што е карактеристика и за неговите најнови дела. Просторите во кои нè воведува преку делење на сликата на планови „често контурно оградени" и деталите внатре, се ликовно градени врз темни гами кои доминираат над она што можеме да го означиме како светло. Внесената релјефност (стуткана и туткалисана хартија и платно) ги доизградува плохите и облиците врз кои често се појавува и графизам кој остава речит ликовен впечаток. И покрај означувањето на обликот, во овие слики се формира простор на сенки во кои само ја насетуваме содржината. Градењето на обликот, од друга страна ја смирува силината на гестот која е присутна во основата.

Солидна ликовна култура базирана на модерната уметност, присутна е во овие слики, но така како што Игор размислува често влегува во подиректна употреба на примери на сликарската историја. Помалку свесното служење со „цитатот" може да нè наведе на еклектицизам или можеби кон еклектичкото како една од основните постапки на постмодерната. Неговите најсвежи размислувања (парафразирајќи еден наш разговор со цела моја слобода во интерпретацијата) би ги свел на желбата да се помири геометријата на Стела и меките форми на Олденбург – занимлив и навремен концепт кој би сакал да се развие што поскоро.

**Станко Павлески**
**31 – III – 1993**

The paintings of Igor Vasilev, or the selection he has made for his first individual exibition, show a certain restlessness in painting the expression and starting from peripheral he dives seriously into the very essence of the painting – into the idea and into his handicraft. These tendencies involve an interest in making collage of everyday life into a painting, love for symbols and estabilishing of abstract ladscape performances.

There are collage details in the paintings (photographs, paper clippings, bills) which give the painting a touch of everyday routine and by means of time pieces, space and persons, he builds a personal attitude towards the things we live through. So the panting is just a frame that is filled with a multitude of fine art notes – short and long lines that add something to the meaning of a certain shape, spot, sign... and they tell us about the need of establishing a game with different contents while building a picture of quantity.

The first paintings of Igor (at this occasion in a small number) show that he has chosen the problem of quantity which is also present in the paintings that follow with an emphasize on the symbolism of the presented. What we acctually talk about is a sign system that is subjective and derived from experieced things or something read or something dremt.

The freedom of interpretation of meaning gives rise to a lot of associations that explain little, but they take us into the game of less explainable. The use of sand and earth as texture understood in fine art terms, we can also understand as presence of time and its layers or as beauty of the old or maybe the secret of the burried.

Last year (a year of preparing the university degree) Igor made paintinge which show his turn towards abstract spaces, towards, space paintings which is one of the features of his latest works. The spaces he takes us to by deviding the painting into parts often enclosed by contours with inside details, are created artistically over dark gamma that dominate over somethin that me could call light.

The relief effect (squeezed paper and canvas) enables building up of the faces and shapes over which we can often see graphs that make e vivid artistic impression. Beside designation of shape, in these paintings a space of shadows is formed and they help us to feel the content. These paintings also show a raather high level of fine art culture based on Modern Art, but in a manner that Igor's way of thinking includes direct use of examples of painters history. His conscious use of citation can easily lead us into electicism or to electic as one of the basic procedures of post modern art.

His latest thaughts (I will take tha liberty of paraphrasing something that he has told me) are coming to a simple wish of reconsiliation of geometry of Stella and soft shapes of Oldenburg – an interesitng concept that he would like to be developed as soon as possible.

Stanko Pavleski
31.3.1993
Translated into English
Žaneta Stanoevska



**ГЛЕДАЈ МЕ, ЈАС СУМ ТОА 1993**

**КАТАЛОГ:**
**CATALOG:**

1. Прикаска на мачето за црниот принц, 1990
   Story of cat and black princ
   масло на платно, 80x107
   без сигнатура
2. Последните мигови на пустинскиот зајак, 1991
   The last moments of a desert rabbit
   масло на платно, 125x150
   без сигнатура
3. Златна прашина, 1991
   Golden dust
   масло на платно, 100x113
   без сигнатура
4. Хаусот во Мидо, 1991
   House of Mido
   масло на платно, 81x100
   без сигнатура
5. Навистина? 1991
   Really?
   масло на платно, 114x88
   без сигнатура
6. Раѓањето на златниот принц, 1991
   Birth of the golden princ
   масло на платно, 100x112,5
   без сигнатура
7. Трансформација на моќта, 1991
   Transformation of power
   масло на платно, 113x113
   без сигнатура
8. Набљудувач на немоќта, 1991
   Observer of helplessness
   масло на платно, 113x113
   без сигнатура
9. Борба на волјата, 1991
   Fight of will
   масло на платно, 113x113
   без сигнатура
10. Стравот и патот на срцето, 1992
    The fear and heart road
    масло на платно, 113x113
    без сигнатура
11. Сонот на цивилизацијата, 1992
    Dream of civilization
    масло на платно, 92,5x72,7
    без сигнатура
12. Видување, 1992/93
    Seeng
    масло на платно, 100x117,7
    без сигнатура
13. Стравот и вечноста, 1992/93
    Attitude and eternity
    масло на платно, 110,5x117
    без сигнатура
14. Еден ден, 1992/93
    One day
    масло на платно, 150×115
    без сигнатура
15. Ама сепак исти, 1993
    Still the same
    масло на платно, 115,5x150
    без сигнатура
16. Напрегната тишина, 1993
    Tense silence
    масло на платно, 118x100
    без сигнатура
17. Гледај ме, јас сум тоа! 1993
    Look, this is me!
    масло на платно, 111x117
    без сигнатура
18. Нервал, 1993
    Nerval
    масло на платно, 115x149
    без сигнатура

ИЗДАВАЧ:

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА – СКОПЈЕ, ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ДРАГАН БОШНАКОСКИ, ПРЕДГОВОР: СТАНКО ПАВЛЕСКИ, ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА, БИОГРАФИЈА, ИЗЛОЖБИ: ЖАРКО ТОЗИ ПРЕВОД НА АНГЛИСКИ: ЖАНЕТА СТАНОЕВСКА (ПРЕДГОВОР) И МЕНКА КАРАПАШОВСКА ФОТОГРАФИИ: ИГОР ВАСИЛЕВ, ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ: КОЉО МИШЕВ ПЕЧАТ: НИПРО „НОВА МАКЕДОНИЈА“ ТИРАЖ: 400

EDITOR: ART GALLERY – SKOPJE EDITOR IN CHIF: DRAGAN BOSHANAKOSKI FOREWORD: STANKO PAVLEVSKI ODRGANIZATION OF THE EXHIBITION, BIOGRAPHY, EXHIBITIONS: ŽARKO TOZI TRANSLATED INTO ENGLISH: ŽANETA STANOEVSKA (FOREWARD) AND MENKA KARAPASHOVSKA PHOTOGRAPHS: IGOR VASILEV LAY-OUT: KOLJO MISHEV PRINTED BY: „NOVA MAKEDONIJA“ COPIES: 400



**НЕРВАЛ 1993**